NGO for Human Rights and Development of Civil Society
www.civil.org.mk

*Контакт:*

Осма ударна бригада 20Б
1000 Скопје
Република Македонија
Tel: +389 2 3123 496; 3136 822; 3136 817
Е-пошта: contact@civil.org.mk
веб: www.civil.org.mk

# PEACE UNLIMITED FESTIVAL 2005

## press release 01

**Драги колеги и пријатели, почитувани дами и господа**
**Имаме чест да Ве поканиме на прес конференција по повод отворањето на Фестивалот Неограничен мир 2005**
**ДЕТСКИ ТЕАТАРСКИ ЦЕНТАР (СТАРА СКОПСКА ЧАРШИЈА)**
**ПЕТОК, 11 часот**

Шестото издание на Фестивалот „Неограничен мир‟ (Peace Unlimited Festival) донесува:
**Работилници:** Во рамките на Фестивалот, ќе се одржат три работилници под заеднички наслов „Уметноста против оружјето‟: литературна, музичка и ликовна. Работилниците ќе ги водат уметници со кои Цивил и досега има остварено одлична соработка: Игор Исаковски, Идриз Амети, Марина Станковиќ. Наставата ќе биде интерактивна. На крајот од петдневната работилница, резултатите ќе се презентираат на завршната манифестација, во недела, 30 октомври, 19 часот, во Детскиот театарски центар, во Старата скопска чаршија. ДТЦ е местото за одржување на сите настани на Фестивалот, освен каде не е наведено поинаку.
**Изложба** на цртежи работени низ повеќе градови во Република Македонија, за време на Месец на мирот (21 септември – 21 октомври).
**Музички настани** секој ден: Сите настани се одржуваат во Детски театарски центар (Стара скопска чаршија), освен петок во МКЦ.

| **ден** | **датум** | **време** | **Настапува** |
|---|---|---|---|
| вторник | 25.10.05 | 20:00 | Sethstat |
| среда | 26.10.05 | 21:00 | Pogan Pagan |
| четврток | 27.10.05 | 21:00 | Denny Te Chuva, One Of Us |
| петок | 28.10.05 | 20:00 | Д.Н.О., Фолтин, Паркети, Two Sides (на горната сцена) и DJ Charlie и DJ Z'ba a.k.a. Confuzio (на долната сцена). Посебно изненадување: концертна промоција на новиот албум на Паркети, „Тајната на името‟ |
| сабота | 29.10.05 | 20:00 | Џенгиз Ибрахим и неговите гости на етно вечерта |
| недела | 30.10.05 | 21:00 | **DJ журка** Pecehicks, Cahrlie, Simon & Malo |

**Специјални гости на програмата: Fuzzbubble Crew!**

В сабота, на 29.10. во Скопски саем: рок-спектакл на Архангел. Цивил ја поддржува и оваа манифестација, како дел од кампањата ЗВУКОТ НА ГРАДОТ БЕЗ ПИШТОЛИ која во себе ги обединува музикчките настани во текот на траењето на Фестивалот, меѓу кои и концертот на легендарниот Архангел в сабота, 29 октомври на Скопски саем.
Peace Unlimited Festival е поддржан од неколку фондации (Институт Отворено општество – Македонија, Каритас Франција, Сејферворлд, и др.), а согласност за одржувањето на работилниците имаме од Министерството за образование и наука на РМ, како и од градоначалниците на општините на чија територија се наоѓаат училиштата на учениците-учесници. Препораки за одржување и зајакнување на работилниците, Цивил доби, меѓу останатите, и од Министерството за култура на РМ, од Советот за радиодифузија на РМ, од Претседателот на Собранието на РМ др. Љупчо Јордановски и Претседателот на Владата на РМ др. Владо Бучковски.
**Вашето ценето присуство е посакувано и добредојдено!**